***З А П И С Н И К***
***од четврта седница на новоизбраниот***
***Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 30.12.2025 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска и Гоце Јончевски. Отсутен беше советникот Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Влатко Станковски и Марина Поповска. Присутни беа претставник од СОУ„Крсте П. Мисирков" Сузана Мицевска и претставник на Дом на култура „Илинден" Зоранчо Здравевски. Присутен беше директорот на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар Александар Чорбевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2026 година.
2. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2026 година.
3. Донесување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година.
4. Донесување на Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2026 година.
5. Донесување на Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2026 година.
6. Донесување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2026 година.
7. Донесување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2026 година.
8. Усвојување на Финансиски извештај на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.09.2025 година
9. Донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила.
10. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата констатира присуство од десет советници, предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи измена на дневниот ред точката 9. Донесување на Одлука за донесување на план за парцелација составен дел наУрбанистички проект со план за парцелација на дел од КП бр.1723, КП бр.1724, КП бр.1725, КП бр.1726, КП бр.1727, КП бр.1728, КП бр.1729 и КП бр.1730 во Д.У.П. за Демир Хисар (Одлука бр.08-1290/1 ид 23.11.1990 г.), Општина Демир Хисар се повлекува, а на нејзино место се додава нова точка Донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила. Забелешки немаше. Со 9 „за" беше донесен Дневниот ред со измените и дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Буџет на Општина Демир Хисар за 2026 година***

Предлог Буџетот на Општина Демир Хисар за 2026 година беше разгледан и усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на Советот Никола Дранговски, воедно и претседател на комисијата за финансии и буџет. Во врска со предлог Буџетот објаснување имаше претставничката Марина Поповска. При тоа нагласи има измени во предложениот буџет во приходниот дел на ставка

741 дел од планираните средства во износ од 6.313.118 се префрлаат во салдо со што ќе се зголеми салдото за овај износ. Кога се изготвуваше предлог буџетот овие средства не беа стигнати на сметката затоа се планираа во приход тоа се средства од Министерство за транспорт и врски за улиците во Белче, меѓувреме средствата беа уплатени на сметката затоа се тргаат од планиран приход и се ставаат во ставка салдо. Тоа повлекува измена на фискалната табела, буџетот е балансиран колку е приходот толку е и расходот. Советникот Гоце Јончевски побара објаснување за вработените лица по повикот кој беа распределени во територијалната противпожарна единица. Раководителот Влатко Станковски објасни општината немаше ништо со тоа нивните плати не поминуваа преку буџетот на општината, нема информација дали сеуште траат нивните договори или завршени се. Советникот Љупчо Најдовски истакна на предходната седница кога се разгледуваа програмите имаше предлог да се дополни за улици во Журче тоа се две улици едната 90 метри и другата 80 метри во многу лоша состојба се, исто имаше предлог да се дополни во делот за готови проекти за аплицирање проектот за мостот и улицата во Журче. Да се планираат овие два проекти и да се знае од која ставка ќе се пренаменат средства. Раководителот Влатко Станковски објасни кога се предлага некое дополнување за проекти треба да се знае колку средства се потребни за тоа од која ставка да се скрати и каде да се дополни. Претседателот на Советот Никола Дранговски предложи сега можи да се донеси буџетот па со ребаланс да се планира измените. Раководителот Влатко Станковски објасни ова е предлог ако се прифати од советниците ќе се измени во буџетот. Советничката Клара Кузамновска предложи да се дополни и изработка на техничка документација кај Рудничка населба за реконструкција на улици, тротоари и паркинг места. Ова беше предложено и на седницата кога се носеа програмите. Предложи да се скратат средства од реконструкција на улица Маршал Тито таму има планирано 5 милиони, 300.000 да се намалат, ако не се доволни ќе се дополнат кога ќе има потреба. Советникот Љупчо Најдовски се согласи двата предлози да се дополнат да се пренаменат средства ако не се доволни ќе се направи ребаланс ќе се дополната. Раководителот Влатко Станковски објасни таму се планирани 5.000.000 со јавната набавка можи да не се доволни или да бидат многу зависи од набавката, но во ред е можи да се направи тоа ако се прифати од советниците ќе се намалат 300.000. За предлогот гласаа 10 „за". Други предлози немаше. Претседателот на Советот Никола Дранговски го стави на гласање предлог буџетот со измената. Со 10 „за" беше донесен буџетот за 2026 година.

***ТОЧКА 2. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2026 година***

Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2026 година, беше донесена од Комисијата за финансии и буџет. За одлуката објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донсена одлуката.

***ТОЧКА 3. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година***

Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година беше донесена од Комисијата за финансии и буџет. За одлуката објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донсена одлуката.

***ТОЧКА 4. Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2026 година***

Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2026 година беше донесена од Комисијата за финансии и буџет. За одлуката објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донсена одлуката.

***ТОЧКА 6. Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2026 година***

Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2026 година беше донесен од Комисијата за финансии и буџет. За одлуката објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донсен Буџетски календар.

***ТОЧКА 7. Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2026 година***

За Програмата за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2026 година дискусија немаше. Со 10 „за" беше донсена програмата.

***ТОЧКА 8. Финансиски извештај на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.09.2025 година***

Финансискиот извештај на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2025 до 30.09.2025 година беше донесена од Комисијата за финансии и буџет. За извештајот објаснување имаше

директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Советничката Маја Велеска согласно член 65 од Статутот на општината нема да учествува во процесот на одлучување во оваа точка. Со 9 „за“ беше донсена одлуката.

***ТОЧКА 9. Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина демир Хисар и Општина Могила***

За Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила немаше забелешки. Со 10 „за“ беше донесена.

***ТОЧКА 10. Предлози и прашања***

Во оваа точка имаше две барања доставени до Советот

Барање од МЗ Жван

Со поставување на инфраструктура од А1 во атарот на ова населено место, истата се планира да поминува низ некој приватни парцели, населението бара промена на проектот бидејќи некој жители не се согласуваат да поминува низ нивните парцели.

Советниците се согласи советот нема надлежност во оваа област.

Барање од МЗ Брезово

Ова барање од жители на Брезово  објект бил даден на користење, договорот му истекол, лицето несакало да му ги врати клучевите од тој објект. Бараат да се повика лицето и да му се одземат клучевите објектот да се даде на користење на месната заедница. Советникот Љупчо Најдовски објасни советот носи одлука со која го овластува градоначалникот да купува, отуѓува и оптоварува дел од имотот на општината, но договорите дали се истечени или не тоа е надлежност на градоначалникот тој треба да го реши тоа. Претседателот на Советот Никола Дранговски додаде можи да се смени бравата.

Советникот Љупчо Најдовски праша за лицата кои беа ангажирани како волонтери пожарникари потоа упати честитки за новата 2026 година.

Претседателот на Советот Никола Дранговски објасни тие беа ангажирани да волонтираат со тоа советот нема ингеренции што би можел да помогне. Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата упатувајќи честитки за нова 2026 година.

Бр. 17-  20/3
16.01.2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски